СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Петтото продолжение на Седумдесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 4 февруари 1994 година

Скопје, февруари 1994 година

**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Петтото продолжение на Седумдесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 4 февруари 1994 година**

Седницата се одржа во сала I, со почеток во 14,25 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Стојан Андов, претседател на Собранието.

(Оваа седница продолжи со работа по завршувањето на Седумдесет и третата седница на Собранието, по бараше на претседателот на Владата, Бранко Црвенковски, кој во врска со тоа го даде следното образложение).

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Знам дека сте заморени, знам дека во континуитет неколку дена заседаваше Парламентот, меѓутоа за едно многу битно прашање што е точка на дневниот ред ми се чини на 70-та седница, се работи за Предлогот за именување на заменик; на министер во Министерството за финансии. Со оглед на тоа дека преобемен е ангажманот што во овој момент паѓа токму на Министерството за финансии со сите овие нови аранжмани и обврски што произлегуваат со меѓународните финансиски институции, со реформата на даночниот систем, со реформата на банкарскиот систем што не очекува итн. итн.

Јас би ве замолил до колку е можно, веднаш по оваа седница, таа точка да ја погледаме, до колку се согласува Парламентот за да може Министерството за финансии да се екипира и да може да ги обавува своите функции без пречки. Тоа е мојот предлог.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали Собранието го прифаќа предлогот? (Да).

Добро, тогаш да продолжиме по 70-та седница и тоа само **точката 33** - Именување заменик на министерот за финансии.

Предлогот за именување заменик на министерот за финансии ви е доставен.

Ве известувам дека именувањето на заменик на министерот за финансии по предлог на претседателот на Владата, Собранието ќе го изврши со примена на одредбите на Уставот на Република Македонија што се однесуваат за избор на Владата на Република Македонија, односно со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Предлагам во согласност со член 107 исто така секој пратеник да може да земе само по еднаш збор и тоа само седум минути, а координаторите до 15 минути.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот за именување заменик на министер за финансии го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

66 пратеници гласаа за.

Дали е некој против? (1 пратеник).

Дали некој се воздржува? (1 пратеник).

Констатирам дека за заменик министер на министерот за финансии е именуван Хари Костов. Му честитам.

Со ова седницата ја завршувам, а ќе закажеме седница на Собранието дополнително.

(Седницата заврши во 14,30 часот).